*Министерство за финансии*

*Национален Фонд*

# *Информација во врска со ефективното функционирање на системот за управување и контрола со ИПАРД*

***ноември, 2018***

## *СОДРЖИНА:*

1. Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД 2014- 2020;

Системот за индиректно спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 (мерка 1, 3, 7 и 9) беше доверен со потпишувањето и стапувањето на сила на Финансиската спогодба за ИПАРД 2014-2020, во јуни 2017 година.

Во 2018 година, понатамошни подобрувања на работните процедури на ИПАРД Агенција беа направени врз основа на:

- Искуство во обработка на првиот јавен повик под ИПАРД 2;
- понатамошни препораки од ГД АГРИ, за поднесените работни процедури;
- имајќи ги предвид слабостите утврдени во процесот на усогласеност / финансиско порамнување според ИПАРД 1 и наодите од Ревизорско тело.

Измените на внатрешните постапки за работа на ИПАРД Агенција се одобрени од страна на НАО/УС, како измени кои немаат значително влијание врз воспоставениот систем за управување и контрола и стапуваат на сила по одобрувањето од страна на НАО.

Покрај тоа, измени кои имаат значително влијание беа предложени во работните процедури на Национален фонд, особено во делот на сметководство. Предложените измени на работните процедури беа проверени од Одделението за поддршка на НАО и одобрени од страна на НАО. Имајќи во предвид дека промените се значителни, истите беа доставени до ГД АГРИ на одобрување во јуни 2018 година. Согласно одредбите од Секторската спогодба, предложените измени ќе се спроведат по одобрување од ГД АГРИ.

Активностите превземени од ИПАРД структурата за подобрување на функционалноста на децентрализираниот систем се презентирани во продолжение.

### *1. <u>Верификациски посети</u>*

Одделението за поддршка на НАО во рамки на Годишниот план за Верификациски посети за 2018 година планира една верификациска посета во рамки на програмскиот период ИПАРД 1 (проверка на исплатени крајни корисници во делот на одржливост на проекти во ИПАРД 1 Програмата) како и верификациски посети во рамките на програмскиот период ИПАРД 2, и тоа верификациска посета во фаза на склучување на договори и верификациска посета за платени проекти кои треба да бидат декларирани до ЕК.

Во согласност со Годишниот План за Верификациски Посети за 2018, една верификациска посета во рамки на програмскиот период ИПАРД 1 беше спроведена во ИПАРД Агенцијата и кај крајните корисници во периодот јуни – септември 2018 година. Целта на верификациската посета беше да се потврди легалноста и регуларноста на трансакциите за платените проекти преку проверка

на оддржливоста на проектите на лице место кај крајните корисници. Вкупниот број на проекти проверени во текот на оваа верификациска посета е 6 или вкупната вредност на проектите селектирани за проверка изнесува 196.396,55 ЕУР (ЕУ+НКФ - јавно учество) или ЕУ дел од 147.297,41 ЕУР. Детален опис на наодите и препораките од верификациската посета има во Извештај бр. 10-3856/4 од 14.09.2018 година.

## 2. *Следење на спроведувањето на ревизорските препораки*

### (а) Внатрешна Ревизија

Оперативните структури на ИПАРД беа предмет на внатрешната ревизија во текот на 2017/2018 година од страна на Секторите/Одделенијата за Внатрешна Ревизија во рамките на секоја институција.

Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА

Согласно Годишниот план за спроведување на Внатрешната Ревизија за 2018 година од Секторот за внатрешна ревизија беше планирана и реализирана една ревизија во НАО/Сектор за управување со ЕУ-ИПА за процесот на архивирање во текот на првиот квартал 2018 година. Конечниот извештај е издаден во април 2018 година.

*ИПАРД Агенција*

Годишниот план за ревизија за 2018 година на Секторот за внатрешна ревизија во ИПАРД Агенцијата предвидува 13 (тринаесет) ревизорски активности, од кои 5 ревизии за процеси од ИПАРД 2014-2020 и една советодавна поддршка на процесот на акредитација на Мерка 6 Инвестиции во јавна рурална инфраструктура од ИПАРД Програмата 2014-2020.

Во текот на 2018 година од горенаведените 5 (пет) ревизии за процеси од ИПАРД 2014-2020 реализирана е follow up ревизијата. За ревизија на контрола на терен пред одобрување се подготвува Нацрт извештај и ревизијата на мерката Техничка помош е во фаза на спроведување.

*Тело за управување со ИПАРД*

Годишниот план за ревизија за 2018 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предвидува една ревизорска мисија за

работата на Одделението за следење и спроведување на ИПАРД програмата и известување.

Во мај 2018 година издаден е конечен извештај за ревизија на работењето на Одделението за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови која е планирана согласно Годишниот план за работа на Секторот за внатрешна ревизија за 2017 година.

**(б) Извештаи од Ревизорско тело**

Ревизорското тело за ИПА во текот на 2018 година ги издаде следните Конечни Ревизорски Извештаи за спроведени ревизии:

- Конечен извештај од системска ревизија за 2017 година во АФПЗРР за имплементација на ИПАРД II Програмата - Област на политика 4 - Сектор земјоделие од 4ти Април 2018 година;
- Конечен извештај од системска ревизија за 2017 година за програмите финансирани од ИПА II - Област на политика 4 - Сектор земјоделие кај Телото за управување од 4ти Април 2018 година;
- Конечен извештај од системска ревизија за 2017 година кај Националниот координатор за авторизација/ Менаџмент структура за имплементација на ИПАРД II Програмата - Област на политика 4 - Сектор земјоделие од 4ти Април 2018 година;

Во табелата подолу се дадени податоци од Годишниот ревизорски извештај за наодите од системската ревизија во НАО/МС, АФПЗРР и ТУ за имплементација на ИПАРД II Програмата:

| | Висок | Среден | Низок | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| НАО/МС | / | 1 | / | 1 |
| ТУ | 1 | 4 | / | 5 |
| ИПАРД Агенција | 5 | 7 | 5 | 17 |
| Вкупно: | | | | 23 |

Наодите со висок ризик во ИПАРД Агенција се однесуваат на Законот за Агенција, систем за санкции, човечки ресурси, одлив на стручен и обучен кадар и база на референтни цени, а наодот со висок ризик за ТУ се однесува за преклопување на националната со ИПАРД Програмата.

## *3. Контрола на административните капацитети на оперативната структура*

Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА

Во моментов, бројот на вработени е 17 (седумнаесет) (вклучувајќи го и НАО). Анализата за обем на работа (АОР) за 2019 година покажа потреба за дополнителни 3 (три) лица за исполнување на потребните позиции - Помошник раководител на Сектор за управување со средствата на ИПА, еден службеник за финансиско управување во Одделението Национален фонд и еден службеник за ефективно функционирање на системот за управување и контрола во Одделението за поддршка на НАО. Овие нови вработувања се планирани да се реализираат во текот на 2019 година. Дополнителните вработувања се потребни за спроведување на останатите ИПА програми.

На 26.10.2018 година Министерството за финансии објави интерен оглас за унапредување на 5 лица од Секторот за управување со средствата од ИПА, со што ќе се овозможи помладите соработници да се унапредат на повисоки позиции. Унапредувањата се очекува да се реализираат до крајот на Ноември 2018 година.

*ИПАРД Агенција*

Анализата за обем на работа на ИПАРД Агенција ги опфаќа активностите за петте мерки од ИПАРД Програмата, односно четири мерки за кои е добиено индиректно управување и една нова мерка за Инвестиции во јавна рурална инфраструктура, која е во фаза на акредитација.

Согласно Анализата за обем на работа за 2019 оптималниот број на вработени во ИПАРД Агенцијата е 150.

Во моментов, 110 вработени се ангажирани на прашања поврзани со ИПАРД во Агенцијата во однос на 87 вработени на почетокот на 2018 година.

Како што е веќе информирано, за приоритет беше зајакнувањето на кадровските капацитети на Агенцијата и Владата на Р. Македонија се заложи за реализација на неопходните вработувања.

Имено, постапката за вработување во ИПАРД Агенција, согласно заклучокот на Влада, на овие нови државни службеници ќе се спроведува во три фази, и тоа:

- прва фаза - 28 нови вработувања;
- втора фаза - 20 нови вработувања и
- трета фаза - 20 нови вработувања.

Првата фаза е завршена во Април 2018 година и почнувајќи од првата недела од Мај, избраните кандидати беа привремено ангажирани во Агенцијата до 31.12.2018 година. Од вкупно 28 вработени, 22 лица се ангажирани директно во ИПАРД структурата и 6 вработени лица се индиректно вклучени во

имплементацијата на ИПАРД (како на пример Сектор ИТ). Ова резултираше со моментален број на вработени 110 ангажирани на ИПАРД.

Втората фаза е во тек и е во завршна фаза на имплементација. Постапката за вработување на 20 административни државни службеници во Агенцијата започна на 19.10.2018 година со објава на јавен оглас. Процедурата треба да заврши до крајот на годинава и новите вработени ќе почнат со работа на почетокот на 2019 година.

Последната, трета фаза, за 20 нови вработувања планирано е да започне во Декември 2018 година, односно јавниот повик треба да се објави помеѓу 17 и 28 Декември и новите вработени да почнат со работа кон крајот на Февруари 2019 година.

Паралелно, постапка за унапредување на 28 постојни административни државни службеници започна во Октомври 2018.

Со реализацијата на планот за вработување за 2018 година, како што е наведено погоре, ИПАРД Агенција ќе биде целосно екипирана (100% исполнување на потребните работни позиции според АОР).

*Тело за управување со ИПАРД*

Согласно Анализата за обем на работа (АОР) за 2019 година оптималниот број на вработени во Телото за управување со ИПАРД е 19.

Моментално бројот на вработени е 17 (вклучувајќи Раководителот на ТУ) за акредитираните мерки од ИПАРД програмата.Во текот на 2018 година беа реализирани 8 (осум) нови вработувања (Раководител на ТУ, Раководител на одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови, 3 Советник во одделението за техничка помош, 2 Советник во одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување и Помлад соработник во Одделението за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови) и 4 престанок на вработување ( Раководител на Тело за управување , Раководител на Одделението за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови, Советник во одделението за техничка помош и Советник во одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување).

Во табелата подолу се дадени податоци во однос на човечките капацитети во Ноември 2018 година (cut off 06.11.2018):

| Институција | Број на вработени на 31.12.2017 | Потребен број на вработени согласно АОР 2018 | Реализирани нови вработувања до 06.11.2018 | Унапредувања на вработени до 06.11.2018 | Напуштени позиции до 06.11.2018 | Моментален број на вработени 06.11.2018 | Стапка на искористеност | Стапка на обрт на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАО/НФ | 17 | 21 | 1 | / | 1 | 17 | 80,9% | 5,9% |
| ИПАРД Агенција | 87 | 170 | 23 | / | 0 | 110 | 73% | 0% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тело за управување со ИПАРД | 13 | 19 | 8 | / | 4 | 17 | 89,5% | 30,8% |
| Вкупно | 117 | 210 | 32 | 0 | 5 | 144 | 82,5% | 12,23% |

## *4. Акредитација на нови мерки во рамки на ИПАРД Програмата*

Во текот на 2015/2016 година започнаа подготвителните активности за акредитација на мерката за рурална инфраструктура. По извештајот за проценка на усогласеност (Јануари 2018) и забелешките на ГД АГРИ по доставените нацрт работни процедури за имплементација на мерката Рурална јавна инфраструктура (Јуни 2018), беа преземени активностите за комплетирање на акредитацискиот пакет, вклучувајќи ги забелешките од двата извештаи.

Изменетите процедури за имплементација на мерката Рурална јавна инфраструктура согласно забелешките на ЕК се доставени до НАО/УС од страна на ИПАРД Агенција на 19.10.2018 година.

НАО/УС на 05.11.2018 година даде согласност на Прирачникот за внатрешни постапки за работа за мерка Инвестиции во јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата 2014-2020 на ИПАРД Агенција.

Барањето за добивање право за индиректно управување со мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата 2014-2020 планирано е да се испрати до ЕК на 13[ти] ноември 2018 година.

## *5. Планирање и следење на имплементацијата на ИПАРД Програмата и апсорпција на ИПА фондовите*

Склучувањето на договори од првиот јавен повик од ИПАРД Програмата 2014-2020 е во тек и заклучно со 22.10.2018 година склучени се 909 договори од мерка 1 во износ од 10,719,321.00ЕУР (ИПА + НКФ) и од мерка 3 склучени се 31 договори во износ од 6,621,696.00ЕУР (ИПА + НКФ). За мерка 7 добиени се 187 апликации, од кои 160 се одбиени поради не доставување на дополнителни документи, а за останатите 27 апликации се очекува да се потпишат во скоро време.

Во ИПАРД Програмата 2014-2020 за мерка 9 - Техничка помош доделени се 2,823,529 ЕУР. Во моментов, во изменетиот Акцискиот план за 2018 година за мерка 9 - Техничка помош (АРТА) за имлементација на оваа мерка се предвидени набавки во износ од 275,003,00 ЕУР, што е околу 9,74% од расположливиот буџет. .

Во однос на имлементацијата на мерка 9 - Техничка помош, Телото за управување со ИПАРД заврши со евалуација на тендерското досие за „Кампања за публицитет„ и во тек е одобрување од страна на ИПАРД Агенција. За оваа мерка доставени се 8 апликации до ИПАРД Агенција, од кои за 4 се склучени договори во

износ од 6,365.02 ЕУР и исплатени се 3 договори во вкупен износ од 4,512.35 ЕУР (ИПА + НКФ).

## *6. Финансиски менаџмент*

Во однос на финансиското управување со ИПА средствата, во текот на периодот од 01ви јули 2018 до 31ви октомври 2018 година активностите беа редовно имплементирани во согласност со регулативите и усвоените процедури.

| Мерка | Извршени плаќања – ИПА придонес во евра |
|---|---|
| | 2018 |
| Инвестиции во физички (материјални) средства на земјоделските стопанства | 132.540,71 |
| Инвестиции во основни средства за преработка на земјоделски и рибни производи | 37.545,06 |
| Диверзификација на фармите и развој на бизниси | 0,00 |
| Техничка помош | 3.835,60 |
| Вкупно | **173.921,37** |

Декларациите на трошоци кои служат како Апликација за плаќање беа доставени за првиот, вториот и третиот квартал од 2018 година, во следниве рокови и износи:

| Декларација на трошоци | Датум на испраќање на ДнТ до ЕК | Плаќања во € | | Барања за плаќање |
|---|---|---|---|---|
| | | Јавни трошоци | ИПАРД | |
| Q1 2017 | 30.01.2018 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Q1 2018 | 25.04.2018 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Q2 2018 | 23.07.2018 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Q3 2018 | 31.10.2018 | 28,156.26 | 21,381.12 | 21,381.12 |
| Вкупно | | 28,156.26 | 21,381.12 | 21,381.12 |

Сите трансакции настанати на сметките на НФ и ИПАРД Агенцијата се соодветно прикажани во сметководствената евиденција.

***Ризик од потенцијално губење на средства***

При определувањето на потенцијалниот ризик за губење на одобрените средства како претпоставки се земени во предвид следниве инпути:

1. Вкупните ИПА алокациите за 2014-2015 година изнесуваат 10,000,000.00 евра;
2. Примено е прет-финансирање во износ од 6,300,000.00 евра;
3. Вкупно исплатени ИПА средства до 31.10.2018 година изнесува 173,921.37 евра;
4. Планирани исплати на ИПА средства до 31.12.2018 година изнесува 1,462,650.23 евра.

Земајќи ја во предвид калкулацијата во прилог, износот на средства кои би се изгубиле од буџетските алокации за 2014-2015 година за ИПАРД Програмата изнесува 2,06 милиони евра.

| **V компонента<br>Пресметка на потенцијалниот ризик од губење на средства согласно правилото н+3** | | |
|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Референца** | **ИПАРД средства €** |
| 1. | Финансиски алокации | 10,000,000.00 |
| 2. | Добиени средства како пред-финансирање | 6,300,000.00 |
| 3. | Вкупно исплати до 31.10.2018 | 173,921.37 |
| 4. | Планирани исплати до 31.12.2018 | 1,462,650.23 |
| **5.** | **Ризик од губење на средства на крајот на 2018** | **2,063,428.40** |

Износот на средства кои би можело да се изгубат на крајот од 2018 година, може да биде повисок земајќи во предвид дека 1,4 мил евра се планирани да се исплатат во четвртиот квартал од 2018 година.